INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

*Покана за прес конференција*

# ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРОМОЦИЈА И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ЗДРУЖУВАЊЕ

д-р Калина Лечевска III м-р. Ана Блажева

5-ти февруари / 12 часот / ИОХН-Скопје

Почитувани,

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје со огромно задоволство Ве поканува на 5-ти февруари (петок), со почеток во 12 часот, во просториите на ИОХН-С, на прес конференција на која ќе бидат презентирани резултатите од анкетата спроведена од страна на Институтот, за потребите на проектот „Граѓанските организации во промоција и застапување на правото на слобода на изразување и здружување". Истражувањето е помогнато од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU) од Шведска.

Анкетата дава увид за мислењето, ставовите за граѓанскиот активизам, ефектите од казнените мерки и влијанието врз мотивацијата на граѓаните за вклучување во граѓанските иницијативи и слободното изразување.

Анкетата беше спроведена на национален репрезентативен примерок, по случаен избор на телефонски корисници, во периодот ноември - декември 2015 година и истата го опфаќаше мислењето на жителите од осумте региони во Р. Македонија: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски.

За наодите и резултатите од анкетата ќе говорат д-р Калина Лечевска и м-р Ана Блажева, истражувачки во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

Со почит,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.